UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 7

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 7 VOLUME VII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 7**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Irena Mancheva, student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНАСТАСОВА Весна**
*Формални механизми за контрола и примена на меѓународните стандарди на трудот* ............3

**ДИМЕСКА Наташа**
*Протоколи на интервјуирање на социјалниот работник на дете - жртва на полов напад*....11

**ДОНЕВА Наташа**
*Меѓународно воено /хуманитарно право* ....................................................................................29

**ЃЕНОВСКА Анкица**
*Демократските капацитети и стуктурнаta поставеност на советите на општините во источно-плански регион* ....................................................................................................41

**INFANTE Ilaria**
*Riflessioni sul principio dell'immunità giurisdizionale delle organizzazioni internazionali a seguito della sentenza "jam et al. V. International finance corporation" della corte suprema degli stati uniti.* ....................................................................................................................................69

**КОЦЕВА Анастазија**
*Истанбулската Конвенција – за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство* ....................................................................................................75

**МИЛЕВ Благој**
*Пренос на ризикот од случајно пропаѓање или оштетување на предметот кај договорот за продажба*....................................................................................................................85

**МИЛИНКОВИЌ Мартин**
*Право на правично судење* ....................................................................................................95

**МИТЕВСКИ Андреј**
*Историски развој на затворскиот систем во САД* ..........................................................103

**НЕДЕВ Иван**
*Кривично дело - силување*....................................................................................................111

**ПЕТКОВСКА Сања**
*Одговорност за материјални недостатоци на предметот на продажбата во договорот за продажба*....................................................................................................................121

**СИМОНОВ Александар**
*Анализа на Шмитовата концепција „пријател и непријател" и нејзина примена во меѓудржавните односи* ..........................................................................................129

**ТРАЈКОВСКА АНЧЕВСКА Жаклина**
**ДИМЕСКА Наташа**
*Фактори кои влијаат на квалитетот на живот и социјалната инклузија и нивно различно дефинирање*.................................................................................................................... 137

**ЃЕНОВСКА Анкица**

**УДК: 352.075.1(497.7-11)**
**352.075.1:061.2(497.7-11)**

# ДЕМОКРАТСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ И СТУКТУРНАТА ПОСТАВЕНОСТ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВО ИСТОЧНО-ПЛАНСКИ РЕГИОН

**Апстракт:** Децентрализацијата и локалната власт како основни компоненти на ефикасна демократизација, обезбедуваат услови во кои донесувањето одлуки и испорака на услуги стануваат поблиски до граѓаните.

Овој труд има за цел да обезбеди корисни информации за тоа што работат Советите на општините во Источно-планскиот регион и какво е нивното уредување со правните и подзаконски акти на Република Македонија. Ќе бидат прикажани информации за начинот на работа на Советите и колку членовите на Советите како преставници на граѓаните ги преставуваат интересите на граѓаните на седниците со непосредно учество во одлучување.

**Клучни зборови:** *демократија, Совет на општина, Источно-плански регион, преставување на граѓаните, одлучување во корист на граѓаните-жители на општината*

**GJENOVSKA Ankica**

**UDK: 352.075.1(497.7-11)**
**352.075.1:061.2(497.7-11)**

# DEMOCRATIC CAPACITIES AND STUKTURNOST THE ESTABLISHMENT OF THE COUNCILS OF THE MUNICIPALITIES IN THE EASTERN PLANNING REGION

**Abstract:** Decentralization and local government as basic components of effective democratization, provide conditions in which decision-making and service delivery become closer to citizens.

This publication aims to provide useful information on the work of the Municipal Councils in the East Planning Region and what is their arrangement with the legal and secondary legislation of the Republic of Macedonia. Information on the manner of work of the Councils and how many members of the Councils as representatives of citizens represent the interests of the citizens at the sessions with direct participation in the decision-making process will be presented.

**Key words:** *democracy, municipal council, eastern region, representation of citizens, decision-making for the benefit of citizens-residents of the municipality*

## ВОВЕД

Општините во Источно-планскиот регион постојат за граѓаните и треба за својата работа да им одговорат на граѓаните, бидејќи општините во поголем дел се финансираат

од даноците кои ги плаќаат граѓаните. Со оглед на тоа граѓаните треба да знаат каде и за што се трошат нивните пари кои по разни основи се слеваат во општинскиот буџет. Општините се должни на граѓаните да им дадат извештаи за планираните и остварените приходи и расходи, за релизираните проекти за граѓаните да можат да оценат како работи локалната власт. Според тоа треба да се утврди дали постојат демократски капацитети и каква е поставеноста на Советите во општините во Источно-планскиот регион. Граѓаните имаат право да му предложат на Советот на општината да донесе одреден акт или да реши одредени прашања од своја надлежност преку граѓанска иницијатива. Дали и во која мера во Советите на општините во Источно-планскиот регион е предложена некоја граѓанска иницијатива и истите ја имаат разгледувано иницијативата? Дали во Советите на општините во Источно-планскиот регион е предложен референдум и дали некаде е успешно спроведен референдумот?

Поаѓајќи од оваа важност на демократијата, овој труд има за цел да обезбеди информации во врска со тоа дали треба да се направат некои нови стратегии и законски измени за подобро функционирање на Советите на општините и доближување на нивната работа поблиску до граѓаните.

Дали има потреба од поефикасно планирање на буџетите на ЕЛС? Потребна е поголема транспаретност и отчетност при доделувањето и распределбата на средствата за трансфери до невладините организации.

Меѓутоа демократијата е многу малку застапена во Советите на општините во Источно-планскиот регион бидејќи советниците како преставници на граѓаните целокупната работа пред и по донесувањето на одлуките ја работат сами заедно со преставниците од општинската администрација, а граѓаните се само пасивни набљудувачи на нивното работење. Граѓаните се неинформирани, незаинтересирани, меѓутоа и немаат капацитет и познавање за да навлегуваат во комплицираните проблеми во општината. Демократски систем треба да интервенира во народот затоа што во спротивно, народот ја губи довербата во советниците, општините и Градоначалникот.

Откривајќи ги слабостите на општините и советите на општините во однос на недоволната информираност на граѓаните, пожелно е зголемување на квалитетот на информациите и поголема мотивираност на локалната власт и на граѓаните.

## 1. Значењето на демократијата

Демократијата е идеологија, збир на идеи, врз основа на таа идеологија е изградено демократската локална самоуправа. Затоа локалните самоуправи треба да се развиваат во уште подемократски и подобри. Демократијата треба да постои во граѓанските размислувања. Граѓанинот е главен фактор во определување на иднината на демократијата.

Демократијата преставува облик на управување каде што државната власт произлегува од луѓето. Зборот „демократија“ потекнува од старогрчките зборови “demos“ – што значи народ и “kratos“-што значи власт.

Демократијата и локалната самоуправа најдобро функционираат кога се во симбиоза, не може да постои демократија без локална самоуправа, како што важи и обратното дека локалната самоуправа не може да функционира без вклучување на демократијата во одлучувањето за локалните работи. Постоењето на локална самоуправа е неопходен услов за демократија, но самото егзистирање на истата не значи

дека демократијата е веќе воспоставена. Локалната самоуправа е неопходен но не и доволен услов за постоење и на демократијата[1].

Според член 8 од Уставот на Република Македонија локалната самоуправа е определена како една од темелните вредности на уставниот поредок на Републиката,[2] заедно со основните права и слободи на граѓанинот: слободно изразување на националната припадност, владеење на правото, поделба на државната власт, политичкиот плурализам, правната заштита на пазарот и претприемништвото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и почитувањето на општоприфатените норми на меѓународното право. Бидејќи е сместена во темелните вредности локалната самоуправа има многу големо значење.

Според професорот Шкариќ „локалната самоуправа значи учество на граѓаните во одлучувањето за прашањата од локално значење”. Тоа значи дека граѓанинот не треба да биде само публика при процесот на донесување на одлуки, туку да се претвори во активен учесник при одлучувањето за проблеми и прашања од локално значење.[3] Бидејќи општините се организирани во помали заедници, познавајќи се добро меѓусебно, свесни за проблемите кои им се блиски и познати, со општо право на глас, граѓаните непосредно би можеле да донесуваат одлуки согласно со јавниот интерес, својот личен интерес и размислувајќи со своја глава. Овие одлуки ќе бидат граѓански одлуки на локално ниво, а не одлуки кои ќе бидат донесени од државата.

За успешни општини и за успешно функционирање на демократијата е потребно граѓаните жители на општините да бидат демократски настроени, да бидат повеќе инфомирани за своите права и обврски, и да бидат заинтересирани преку вложување на енергија и време да се вклучат во работењето на локално ниво.[4]

Според член 2 од законот за локалната самоуправа „општината е единица на локалната самоуправа, како заедница на жителите на одредено подрачје, утврдено со закон, која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон“.[5]

Според Уставот на Република Македонија „во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, а особено во областите на јавните служби, урбанизмот и руралното планирање, заштитата на околината, локалниот економски развој, локалното финансирање, комуналните дејности, културата, спортот, социјалната и детската заштита, образованиeто, здравствената заштита и во други области утврдени со закон“.[6]

Надлежности на општината се:

1. Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање, издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

[1] https:// draganalcinov.wordpress.com/2012/02/08 /демократијата-и-локалната-самоуправ/

[2] Устав на Република Македонија.

[3] Шкариќ С., Уставно право, Матица Македонска, Скопје, 2006.

[5] Закон за локална самоуправа член 2.

[6] Устав на Република Македонија, член 115 став 1.

2. Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;
3. Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранување на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;
5. Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;
6. Спортот и рекреацијата - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи;
7. Социјалната заштита и заштита на децата - детски градинки и домови за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварување на социјална грижа за инвалидните лица; децата без родители и родителска грижа; деца со воспитно-социјални проблеми; деца со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигање на свеста на населението; домување на лица со социјален ризик; остварување на право и воспитување на децата од предучилишна возраст.
8. Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;
9. Здравствената заштита - управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита кои треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и

заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; надзор над заразните болести; помош на пациенти со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области кои ќе бидат утврдени со закон;

10. Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања, природни непогодн и други несрќи и од последиците предизвикани од нив;
11. Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. Надзор над вршењето на работите од нејзина надлежност и
13. Други работи определени со закон.[7]

Голем проблем на многу општини преставува финансирањето. При изготвувањето на овој труд беше утврдено дека најголемиот проблем со кој се соочуваат општините во Источно-планскиот регион се токму финансиите, бидејќи од финансиите приходи зависи реализацијата и остварувањата на донесените програми и проекти. Општините во најголем дел се финансираат од сопствени извори на приходи и тоа од: локалните даноци, локални такси утврдени со закон, приходи од сопственост на опшрината, самопридонес, а многу малку општините се финансираат од донации, од државата и други извори на приходи[8]. Општините имаат свој буџет, кој го донесува Советот на општината.

Буџет на општините е годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и ги вклучува основниот буџет, буџетот на дотации, буџетот на донации, буџетот на заеми и буџетот на самофинансирачки активности.[9]

## 2. Источно-плански регион

**Источниот регион** е еден од осумте статистички региони на Македонија. Овој регион се наоѓа во источниот дел на Македонија и граничи со вардарскиот, скопскиот, североисточниот и со југоисточниот регион.

Децентрализацијата и локалната власт како основни компоненти на ефикасна демократизација, обезбедуваат услови во кои донесувањето одлуки и испорака на услуги стануваат поблиски до граѓаните. Во теориски рамки на децентрализацијата се гледа како на начин на ширење на локалната автономија со пренесување на овластување, одговорности и средства од националните на локалните институции.

За овој труд земени се во предвид општините во Источен-плански регион кои заедно се здружени во Центарот за развој на Источен-плански регион (ЦРИПР).

Центарот е правен субјект кој учествува во планирањето на регионалниот развој, спроведување на планските документи за регионален развој и е задолжен за вршење на стручните и административно-техничките работи на Советот за развој на планскиот регион. Тој е посветен на јакнење на меѓуопштинската соработка и промоција на развојните можности на регионот, соработува со општините во регионот и им помага во обезбдување на стручна и техничка помош при подготовка на нивните Програми за развој, како и на Здруженија на граѓани при подготовка на проекти од областа на регионалниот развој. Негова основна задача е јакнење на капацитетите на мрежите во локалната и руралната заедница, бизнис секторот, стимулирање на развој на локално и

[7] Закон за локалната самоуправа член 22.
[8] Закон за локална самоуправа член 11.
[9] Закон за Буџетите член 2.

регионално ниво, јакнење на принципот на јавно приватно партнерство и делување во насока на подигање на капацитетот на живеење.

Источниот-плански регион е претежно планински регион и го опфаќа крајниот исток на Република Македонија. Се простира по течението на реката Брегалница, односно се протега низ Штипската, Малешевско-Пијанечката Котлина и Кочанското Поле. Според податоците на официјалната веб-страна регионот зафаќа 14.2% од вкупната територија на Македонија со 8.6% од вкупниот број на население (2013 година) и со густина на населеност од 50.4 жители на км2. Природно-географските, климатските и хидролошките карактеристики даваат потенцијал за производство на ориз, особено во Кочанското Поле каде што се произведува ориз со познато географско потекло, додека Пијанечката и Малешевската Котлина се особено погодни за развој на овоштарството и градинарство. Поради специфичните геолошки карактеристики на планинските масиви во регионот, се врши експлоатација на олово-цинкова руда. Традиционално, во овој регион е развиена и текстилната индустрија и во него се лоцирани и голем број на конфекциски капацитети. Планинските терени во овој регион претставуваат солиден потенцијал за развој на зимскиот и алтернативниот туризам, иако тие сé уште се во зачеток.

Центарот за развој на Источен-плански регион вклучува 11 општини: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип, се простира на територија од 3537км2 т.е.. зафаќа 14% од територијата на Република Македонија.[10]

| | Општина | Површина км$^2$ | жит/км$^2$ | Населени места |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Берово | 598 | 22 | 9 |
| 2 | Виница | 433 | 45 | 16 |
| 3 | Делчево | 422 | 39 | 22 |
| 4 | Зрновци | 56 | 55 | 3 |
| 5 | Карбинци | 229 | 18 | 29 |
| 6 | Кочани | 360 | 105 | 28 |
| 7 | Македонска Каменица | 190 | 40 | 9 |
| 8 | Пехчево | 208 | 24 | 7 |
| 9 | Пробиштип | 326 | 47 | 36 |
| 10 | Чешиново-Облешево | 132 | 54 | 14 |
| 11 | Штип | 583 | 83 | 44 |
| | **Вкупно** | **3537** | **50** | **217** |

Слика1-http://www.investineastregion.mk/?mk=opsti-karakteristiki

[10] http://www.eastregion.mk/za-nas-istocen-planski-region/za-istocen-planski-region




Слика 2-http://www.investineastregion.mk/?mk=opstini

**3. Законот за локалната самоуправа**

Со Законот за локална самоуправа (lex generis- општ закон), со посебен член се утврдува рамката на надлежностите на единиците на локалната самоуправа по области, а за тоа кои работи и во колкав обем ќе се извршуваат од страна на општините се определува со посебни закони или акти. Општините се основаат за подрачје на едно или повеќе населени места во кои граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси, на кое постојат услови за материјален и општествен развој и за учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси.[11] Општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.[12]

Органи на општината се: Советот и градоначалникот.[13] Неопходно е заедничка соработка помеѓу двата органи за успешно функционирање на општината.

Советот е претставнички орган на граѓаните кој одлучува во рамките иа надлежностите на општината и го сочинуваат претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Изборот на членовите на Советот се уредува со закон[14]. (член 33 од Законот за локална самоуправа).

Членовите на Советот се избираат за време од четири години. Членовите на Советот ги претставуваат граѓаните и во Советот одлучуваат по свое уверување. Членот на Советот не може да биде отповикан (член 35 од Законот за локална самоуправа).

**4. Акти на општините и нивното изготвување**

[11] Закон за локална самоуправа член 16.
[12] Закон за локална самоуправа член 20.
[13] Закон за локална самоуправа член 31.
[14] Закон за локална самоуправа член 33.

Органите на општината во вршењето на своите надлежности донесуваат општи и поединечни акти. Со општите акти на оригинален (изворен) начин се уредуваат односите и се уредуваат правата и обврските за граѓаните и за другите правни лица во рамките на надлежноста на општината. Тие содржат општи правни норми, кои се однесуваат на неопределен број случаи. Органите на општината донесуваат поединечни акти кога донесуваат одлука во управна постапка, или кога се врши избор или именување, како и во другите случаи предвидени со закон или со друг пропис.

Советот на општината е значан орган кој ги врши следните работи:

1. Донесува Статут на општината;
2. Донесува Деловник на Советот;
3. Донесува Програма за работа;
4. Донесува Буџет на општината и Годишна сметка на општината;
5. Ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите;
6. Донесува Генерален урбанистички план;
7. Донесува детални урбанистички планови и урбанистичка документација на населено место во општината;
8. Донесува Програма за уредување на градежно земјиште;
9. Донесува Програма за одржување на сообраќајната сигнализација; 10. Донесува Одлука за комунален ред;
11. Донесува прописи од областа на заштитата на животната средина и природата, локалниот економски развој, културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштита на децата, образованието, здравствената заштита, противпожарната заштита, во рамките на надлежноста определена со посебен закон или во согласност со национална програма;
12. Донесува Програма за изградба и одржување на локални патишта и улици;
13. Донесува Програма за јавно осветлување;
14. Донесува Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални водоводи;
15. Донесува Програма за одржување на јавна чистота;
16. Донесува Програма за одржување и користење на парковите и други јавни површини од локално значење;
17. Донесува Програма за одржување на гробиштата;
18. Донесува Програма за одржување и користење на реките во урбанизирани подрачја;
19. Определува имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти од локално значење;
20. Ја утврдува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинска администрација, на предлог на градоначалникот;
21. Основа јавни служби и врши надзор над нивната работа;
22. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;
23. Одлучува за давање дозвола за вршење дејност од јавен интерес од локално значење, во согласност со Закон;
24. Ги усвојува извештаите за работа и годишните сметки на јавните служби, кои ги основала;
25. Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
26. Одлучува за начинот на вршење на финансиска контрола на буџетот на општината;

27. Го избира лицето кое раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината;

28. Го разгледува и усвојува годишниот извештај на јавната безбедност на подрачјето на општината, и го доставува до министерот за внатрешни работи и народниот правобранител;

29. Може да дава препораки на раководното лице на подрачната единица на Министерството за внатрешни работи од областа на јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот;

30. Избира и разрешува претседател на Советот;

31. Формира постојани и повремени комисии;

32. Востановува општински награди и признанија;

33. Дава мислење по предлог-законите кои се однесуваат на општината;

34. Врши избори и именувања од своја надлежност;

35. Донесува други одлуки за работите од своја надлежност;

36. Врши и други работи.[15]

Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основните прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината. Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како нацрт-статут и предлог-статут.[16]

Со статутот е утврден начинот на кој ќе се врши информирање на граѓаните со цел запознавање со нивното работење. Граѓаните на општината се информирани за:

- Прописите кои ги донесува Советот на општината;
- Начинот и условите за остварување на нивните права;
- Обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината;
- Плановите, проектите и програмите кои се во посготовка,а се од значење за развојот на општината;
- Услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивното добивање;
- Приходите кои се остварувани во општината и начинот на нивната распределба и трошоци;
- Годишниот план за јавни набавки;
- Именувањето на директори и преставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училишта;
- Други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со законот.[17]

Информирањето на граѓаните на општината се врши редовно, без надоместок преку:

- издавање на Службен гласник на општината;
- лице од општинската администрација овластено од градоначалникот и лице од јавните служби основани од општината;
- огласни табли (простории на органите на општината, месните заедницим јавните претпријатија и установи);
- веб-страна;
- јавни трибини во месните заедници за одредени прашања;

[15] Закон за локална самоуправа член 36.

[16] Статут на општина Пробиштип член 47.

[17] Статут на општина Пробиштип член 56.

- средства за јавно информирање. [18]

## 5. Опфат на општините со анализата

Во овој труд се опфатени општините кои членуваат во Источно-планскиот регион и тоа: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип. Она што беше утврдено е дека во сите општини Советите на општините донесуваат прописи меѓу кои и Статутот како највисок правен акт. Статутот е основен акт на општината со кој се утврдуваат основите прашања во врска со надлежностите и организацијата на општината и други прашања од значење за општината. Статутот на општината се донесува во две фази и тоа како нацрт-статут и предлог-статут.

Според законот за локална самоуправа Советот на општината го сочинуваат преставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Според член 34 од истиот закон е предвиден бројот на членовите на советниците кој се утврдува според бројот на жителите на општината и не може да биде помал од девет ниту поголем од 33 члена и тоа во општините со:

| жители | членови на Советот |
|---|---|
| до 5.000 | 9 |
| од 5.001 до 10.000 | 11 |
| од 10.001 до 20.000 | 15 |
| од 20.001 до 40.000 | 19 |
| од 40.001 до 60.000 | 23 |
| од 60.001 до 80.000 | 27 |
| од 80.001 до 100.000 | 31 |
| над 100.000 | 33 |

Во извршената анализа преку споредување на Статутите на горенаведените општини беше утврдено дека сите се организирани на ист начин. Постои разлика само во бројот на советниците бидејќи некои општини имаат помал број на членови на Советот, а некои општини имаат поголем број на членови на Советот. Општините во источно плански регион го имаат следниот состав на членови на Совет:

- Совет на општина Берово има 15 советници,
- Совет на општина Виница има 15 советници,
- Совет на општина Делчево има 15 советници,
- Совет на општина Зрновци има 9 советници,
- Совет на општина Карбинци има 9 советници,
- Совет на општина Кочани има 19 советници,
- Совет на општина Македонска Каменица има 11 советници,
- Совет на општина Пехчево има 11 советници,
- Совет на општина Пробиштип има 15 советници и
- Совет на општина Чешиново-Облешево има 11 советници.
- Совет на општина Штип има 23 советници

[18] Статут на општина Пробиштип член 57.

Согласно член 39 од Законот за локална самоуправа е предвидено дека Седниците на Советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш на три месеци. Седниците ги свикува претседателот на Советот на своја иницијатива, на барање на градоначалникот или на барање од најмалку 1/4 од членовите на Советот најдоцна во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување. Денот, часот и местото на одржувањето на седниците на Советот, како и предлогот на дневниот ред по кој ќе се работи, задолжително се објавуваат најдоцна седум дена пред денот на одржувањето на седницата, на начин утврден со Статутот.

Согласно член 42 од Законот за локална самоуправа е предвидено јавност на седниците на Советот на општините. За исклучување на присуството на јавноста на седницата се одлучува ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи.

Граѓаните ги избираат советниците кои пак понатаму ги застапуваат интересите на граѓаните преку учество во расправата за материјалите поставени на дневен ред, предлагаат решенија и заклучоци за тие материјали и може да поставуваат прашања до градоначалникот на општината. Исто така советниците може да предлагаат донесување на некои прописи со кои ќе се регулира некое прашање од надлежност на општината, да донесуваат иницијатива и предлози. Доколку советниците не се задоволни од материјалот што е ставен на дневен ред за седница може да предложи подобро решение или да се донесе подобра одлука за да се измени материјалот. Советниците на седниците работат по сопствено убедување и не можат да бидат отповикани од функцијата, ниту да бидат повикани на кривична одговорност или притворни за мислењето што ќе го искажат, или за тоа како ќе гласаат за време на работата на Советот.

Седниците на Советот на општината се отворени за јавноста и може секој заинтресиран граѓанин или група на граѓани да ја следат работата на Советот. Присуството на јавноста на седницата може да се исклучи ако за тоа постојат оправдани причини утврдени со Статутот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот. Меѓутоа, кога се расправа за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи. По претходна најава може да им се даде можност на заинтересираните граѓани да му се обратат на Советот. Граѓаните за седниците се информираат накчесто преку директен радио и телевизиски пренос, или емитувањето на снимка од седниците на Советот на локалните медиуми, и на тој начин граѓаните се информираат за јавноста за работата на органите на локалната власт.

Кај сите општини во Источно-планскиот регион со Статут е уредено дека органите на општината, како и Советот се должни да ги инфорираат граѓаните за својата работа и плановите за развој како и да им овозможуваат пристап до информацииите на начин уреден со Статутот. Секоја општина од Источно-планскиот регион има сопствен веб-портал, кој е лесно прегледен и се ажурира редовно. Покрај основните податоци за општините, Статутот и други информации за општината, на веб-порталот се објавувени сите одлуки на Советот, на градоначалникот, информации за сите значајни настани од општината, културни манифестации, проекти, спортски настани, настани од областа на образованието, тековни и веќе спроведени јавни набавки, склучени договори со економски оператори и др. На веб-порталот на општините има контакт адреса на службените лица за слободен пристап до информацииите од јавен карактер во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и обрасци за поднесување на слободен пристап до информацииите до општината. Со Законот за слободен пристап до информации, општината претставува „имател на информации“ и е

должна на граѓаните да им овозможи пристап кон основните информации за услугите што им ги обезбедува за поголема демократија и отвореност на општините. До општините сѐ почесто стигнуваат вакви барања од граѓаните, но и од медиумите. Исто така се објавени и буџетите на општините, кварталните извештаи, завршните сметки на општините и др. На тој начин преку веб-страната на општината секој граѓанин може да ги пријавува своите проблеми од областа на урбанизмот, комуналните работи, да постави прашање, да преземе образец за поднесување на барање или молба до Советот на општината, да преземе барање за пријавување на надоместок за новородено дете, да укаже на нешто итн.

Бидејќи општините согласно Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02) се задолжени без надомест да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите што се значајни за развојот на општината при извршеното истражување беше утврдено дека сите општини од Источно-планскиот регион ги информираат граѓаните за тековното работење. Голем број од општините печатат соопштенија-општински информатори за спроведените активности.

Општинската администрација во секоја општина мора да води збирка на донесени и објавени акти од Советот на општината. Во акти спаѓаат: програми, планови, одлуки, буџет на општината, детални урбанистички планови, заклучоци и др. Овие акти откако ќе се донесат се објавуваат во Службен гласник на општината најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување. При споведеното истражување беше утврдено дека сите општини од Источно-планскиот регион на својата веб-страна ги објавуваат службените гласници и целиот текст на актот со број и датум на неговото донесување. Исто така, се евидентираат и сите измени и дополнувања што се извршени во актите. Заинтересираните граѓани можат во секое време да извршат увид во збирката и од неа да ги добијат потребните податоци бидејќи сѐ што е донесено и објавено од Советот на општината преставува информација од јавен карактер.

Во Република Македонија во Уставот е дефинирано учествувањето на граѓаните во одлучувањето за прашања од локално значење како непосредно учество и учество преку претставници, а потоа во Законот за локална самоуправа се вели дека „граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа непосредно и преку претставници во органите на општината".[19]

Граѓаните кои живеат во општините е потребно да ги искажат своите потреби на општините и на Советот на општината ако се во рамките на надлежностите на локално ниво, а општината да дозволи вклучување на граѓаните во активностите на планирање, подготвувањето и донесувањето на локалниот буџет и мониторинг над извршувањето на локалниот буџет. Вклучувањето на граѓаните во локалната политика е значаен дел за развој на демократијата на локално ниво. Потребно е информациите на локалната власт да бидат достапни и разбирливи за граѓаните со цел да се обезбеди силно учество на граѓаните во локалното управување. Потребно е да се развие свеста кај општините и Советите на општините за подобрување на квалитетот на комуникацијата со граѓаните.

Членовите на Советот имаат право и должност да присуствуваат и да учествуваат во работата на Советот и на неговите постојани или повремени комисии. Членовите имаат право на седницата на Советот да даваат иницијативи и предлози и да поставуваат прашања на градоначалникот.[20]

Надлежноста на Советот е голема и е од различни области, затоа се формираат постојани или повремени комисии, како тела на Советот. Кои комисии ќе се формираат

[19] Устав на Република Македонија член 115 став 1 и Законот за локална самоуправа член 3 и 5.

[20] Закон за локална самоуправа член 43.

и колкав ќе биде бројот на членовите се решава со Статутот на општината. Обично, комисиите се формираат за определена област или за повеќе сродни области и при изборот на членовите се внимава тие да ја познаваат таа област.

Бидејќи Советот е составен од советници што припаѓаат на различни политички партии, при составувањето на комисиите треба да се запази пропорционалната застапеност на сите политички партии што имаат свои членови во Советот. Најчесто функционираат следните Комисии:

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за статут и прописи;
- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Комисија за одбележување на празници и доделување на награди и признанија и односи до верските заедници;
- Комисија за еднаквост меѓу половите.[21]

Комисиите се соствени од 5 члена на Советот.

Комисиите на Советот на општината расправата за прашања од областа за која се формирани, даваат мислења и предлози до Советот, ги разгледуваат предлозите на градончалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој ги разгледува прашањата во врска со финансирањето на општината Буџетот и годишната сметка како и прашањата од планирањето и програмирањето на локалниот економски развој.[22]
- Комисија за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина ги разгледува прашањата од урбанистичко планирање, прашањата од работата на јавните служби, прашањата од комуналното уредување на градот и населените места и прашањата од заштитата на животната средина и природата.[23]
- Комисија за општествени дејности ги рагледува прашањата од надлежноста на општината, а кои се однесуваат на културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита, јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот како и противпожарната заштита.[24]
- Комисијата за статут и прописи го утврдува предлогот на Статутот на општината, ги разгледува иницијативите и предлозите за измена на Статутот и ја следи неговата примена и ги разгледува начелните прашања од статутарен карактер. Го утврдува предлогот на Деловникот за работа на Советот. Подготвува предлог мислења по предлог законите кои се однесуваат на општината. Разгледува и други општи акти од надлежност на Советот на општината.[25]

---

[21] Статут на општина Пробиштип член 27.
[22] Статут на општина Пробиштип член 29.
[23] Статут на општина Пробиштип член 30.
[24] Статут на општина Пробиштип член 31.
[25] Статут на општина Пробиштип член 32.

- Комисијата за мандатни прашања, избор и именувања разгледува и подготвува предлози кои се однесуваат на мандатно имунитетните прашања: - Разгледува и подготвува предлози за избор и именување и разгледување од надлежност на Советот на општината; - Определува плати, надоместоци и други примања на избрани и именувани лица; - Дава предлог за висината на надоместоткот на патните и дневните трошоци на членовите на Советот на општината, како и на трошоци направени во извршувањето на задачите што им ги доверил Советот на општината. [26]

Претседателот и членовите на Комисијата ги избира Советот на општината на својата прва седница.

## 6. Гледишта за функционирање на Советот и на општината

## 6.1 ИСТРАЖУВАЧКИ НАОДИ

За да ги добиеме потребните податоци беа структуирани 3 прашалници. Првиот прашалник се однесува на советниците на Советите на општината и е составен од 14 прашања, вториот на администрацијата вработена во општините составен од 15 прашања и третиот прашалник на Невладините организации како преставници на граѓаните кои работата на територијата во Источно-планскиот регион кој е составен од 15 прашања.

Истражувањето беше спроведено во Источно-планскиот регион во сите 11 општини кои спаѓаат во границите на истиот и тоа: Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип, во Совети на општините или вкупно 40 советници и 16 Невладини организации кои работата на територијата во Источно-планскиот регион.

На некоја од веб-страните на општините како на пример: општина Штип, општина Пробиштип, општина Карбинци се наоѓаат имињата на советниците со нивен контакт телефон и мејл адреси, додека на останатите веб-страни на општини има само список од членовите на Советот меѓутоа нема пристап до контакт адресите на советниците. Поради тоа беше поднесено барање за пристап до информација од јавен карактер до останатите општините и истите во законскиот рок одговорија со доставување на список од советниците, со нивна електронска адреса и телефонски контакти.

Невладините организации беа пронајдени од интернет страните и врз основа на заедничката соработка со општините беа вклучени во ова истражување. Невладините организации по правило преставуваат група на граѓани, организирани за да ги решаваат проблемите со кои се соочуваат локалното население во општината. Овие организации имаат знаење за начинот на водење на локалните политики и нивното влијание врз животот на локалното население. Граѓанските организации се активни во општеството заедно со локалната заедница во процесот на заштита на граѓаните.

Со првиот прашалник беше согледано размислувањето на советниците за постоењето на демократските капацитети во Советите и во општините.

Најнапред за изработката на овој труд беше утврдена припадноста на советниците избрани како членови на Советите во општината, за да се види застапеноста на политичката партија од која се избрани советниците како преставници на граѓаните. Се заклучи дека најчесто советниците се избрани од големите политички партии кои стојат зад нив и дека многу мал е бројот на граѓаните кои се избрани како независни

[26] Статут на општина Пробиштип член 33.

советници. Потребна е поголема информираност на граѓаните дека истите доколку сакаат може да се кандидираат за советници како независни советници или група избирачи (подносител на листа) без политичка партија во позадина со обезбедување на потписи од граѓаните и пријавување во Државната изборна комисија согласно Изборниот законик.

Советниците како избрани лица имаат пресудна улога во процесот на донесување на одлуките врз основа на своето знаење. На нивното знаење во голема мера влијае образованието. Потребно е советниците да бидат со поголемо образование и знаење за да можат да донсуваат одлуки од локално значење.

Согласно законот за еднакви можности на жените и мажите потребно е воспоставување на еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот. Воспоставувањето на еднакви можности е грижа на целото општество, односно на сите субјекти во јавниот и приватниот сектор и претставува отстранување на пречките и создавање услови за остварување на потполна еднаквост меѓу жените и мажите. При спроведеното истражување беше утврдено дека поголем број од советниците се мажи, а мал е бројот на жени-советнички. Поради тоа евидентно е застапеноста на мажи советници и потребно е во иднина да се направат напори да се зголеми бројот на жени советници во насока на постигнување на родова рамноправност во донесување на одлуки и креирање на полтичката сфера.

Понатаму со истражувањето беше утврдено правичната застапеност преку избраните советници на граѓаните кои имаат место на живеење град-урбана заедница или во село-месна заедница. По сумирањето на резултатите се утврди дека поголем број на советниците живеат во урбана заедница, а мал број на советници живеат во рурална заедница или во село. Потребно е поголема посветеност на општините за развивање и унапредување на месните заедници. Месните заедници се соочуваат со проблеми во врска со решавање на локалните проблеми бидејќи општинската администрација и советниците се недостапни за граѓаните кои живеат со села иако тие се нивни избраници. Од овие причини жителите на руралните средини предлагаат отварање на канцеларии по месните заедници за да може локалното население да ги искаже своите проблеми од локално значење со кои се соочуваат и да се изнајдат соодветни решенија за тие проблеми.

Потребата од обука на советниците за запознавање со законската регулатива е повеќе од неопходна бидејќи со истражувањето се утврди дека советниците воопшто не се запознаени со постоењето на законската рамка за регулирање на работењето на советниците и нивните надлежности, мал број советници се запознаени со законската правна рамка но бараат да имаат обуки за нивно обучување и доусовршување и само одредени советници ги знаат и се запознаени со законската правна рамка за нивно работење.

Врз спроведеното истражување на советниците на општините во Источно-планскиот регион се утврди голема потреба за обучување и усовршување на советниците за нивното работење. Со оглед на тоа дека советниците доаѓаат од различни работни места со различно образование и дека голем број од нив за прв пат се соочуваат со функцијата советник постои голема потреба за нивно запознавање со законските основи за работењето и преземање на процеси и акивности на локално ниво. Обуките треба да бидат што е можно почести и бесплатни за сите советници спроведенувани од стручни лица надлежни за работењето на локалната самоуправа.

Некои советници сметаат дека постои одлична соработка со општината, некои ак советници сметаат дека постои добра соработка но потребно е почесто да има состаноци,

тракалезни маси, дебати, обуки за запознавање и решавање на локалните проблеми, и мал број советниците не се задоволни од соработката со администрацијата. Во прилог на ова треба да се размислува дека општиниската администрација треба да биде подостапна на советниците со давање на стручни совети и соработка, често одржување на состаноци, дебати и сл.

За постоењето на транспарента општина и за следење на потребите на граѓаните според сиветниците подеднакво важно е: одржување на средби со граѓаните со цел за запознавање со нивното работење, размена на информации и соработка со граѓаните, Форум на граѓаните и учество на граѓаните во подготовка на Буџетот на општината

Со оглед на тоа дека советниците се избрани од страна на граѓаните и се нивни преставници е потребно истите да бидат достапни на граѓаните за запознавање на сите проблеми од локално значење и за решавање на истите.

Советниците во однос на прашањето за приближување на услугите до граѓаните ги дадоа следните предлози:

- граѓаните најмногу сакаат форми и начини што се однесуваат на непосреден контакт, какви што се граѓанските собири, отворени денови на градоначалникот и советниците како и состаноци на месните заедници.
- Измена на закон за локална самоуправа, односно околу совет. Да се намали бројот на советници, да бидат поквалитетни и секогаш да бидат на располагање на граѓаните. Но бидејќи ние сме многу далеку од модерно општество сѐ ова мислам дека никогаш нема да дојде кај нас.
- Преку кревање на свеста на граѓаните и нивна едукација за можностите кои им стојат на располагање.
- Преку директни средби со граѓаните и преку отворени денови за прием на граѓаните. Ова нешто не се практикува или малку се применува.
- Со обезбедување на соодветни услови за сите советници во смисла на простор и време како граѓаните би можеле да бидат информирани каде и како да ги контактираат советниците и пренесат своите проблеми.
- Да имаат своја канцеларија во локалната самоуправа за контакт со граѓаните.
- Со непосредни средби со граѓаните и едуцирање за надлежноста на локалната самоуправа и совет.
- Би можело да се регулира со одредување термини во одредени денови кога секој советник би бил достапен за средба со граѓаните кои имаат потреба.
- Треба да постојат редовни средби со граѓаните за да им се доближат услугите.
- Преку средби со граѓаните најмалку еднаш месечно, нивно вклучување во рагледување на материјалите за седницата, да се служнат нивните мислења и др.
- Самите граѓани не се заинтересирани за работата на Советот, поради тоа треба да има поголема ажурност и вклучување на самите граѓани. Понатаму треба да бидат информирани за сѐ што работи Советот бидејќи многу малку граѓани се информираат на веб-страната, а некои немаат приклучок на локалните медиуми
- Сметам дека треба да постои паактивно и отворено пристапување кон граѓаните во смисла на подетална разработка на прописите кои Советот ги донесува бидејќи голем број од граѓаните доволно не ги разбираат прописите и надлежностите на Советот. Многу граѓани ги мешаат надлежностите на локалната самоуправа со подрачните одделенија на министерствата кои се наоѓаат на иста територија во иста општина. Потребно е објаснување и разграничување на овие надлежности за да можат граѓаните да ги сфатат точно кои се надлежности на општината и да можата граѓаните активно да се вклучат во работата на Советот.

- Граѓаните треба да се запознаат со нивните права за присуство на седниците на Советот и да земат активно учество во предлагање на некои урбанистичли планови, во подготовка на буџетот итн.
- Обуки на граѓаните и дебати за нивните права за нивно активно вклучување во работата на Советот.

За поефикасно планирање на Буџетот на општината советниците сметаат дека подеднакво е важно подетална разработка и пресметка на постојните општински расходни потреби и приходи бидејќи истите се неразбирливи за советниците и за граѓаните и за поттикнување на учество на граѓаните во активностите поврзани со буџетскиот процес во општината, преку поддршка на организирање јавни форуми за дискусии поврзани со нацрт-буџетот во општината. Други советници сметаат дека е потребно Обука за локално буџетирање, управување на финансискиот долг и финансиски мониторинг и мал број советници сметаат дека е потребно овозможување пристап и разбирливост на буџетските податоци и информации.

За отворена и транспаретна општина е потребна соработка меѓу советниците без оглед на нивната политичка припадност. Меѓутоа голем број на советници се изјаснија дека имаат одлична соработка меѓу себе, но истата треба да се подобри и мал број советници се изјаснија дека немаат никаква соработка меѓу себе бидејќи постојат спротиставени ставови и различни мислења на советничките групи преставници од различни политички партии.

За неутрализирање на различните мислење при одлучување и донесување на одлуки од локално значење е потребно советниците многу добро да ги познаваат законските и подзаконските акти и при одлучување на различни прашања од различни надлежности потребно и разумно и законито одлучување на советниците без притисок од политичката партија во која членува и преку поголема информираност и подобра комуникација за значењето на прашањата.

Со вториот прашалник кој се спроведе врз општинската администрација вработени во општините во Источно-планскиот регион најнапред се утврди работното место на вработените во општинската администрација уредено согласно со Законот за административни службеници.

При извршеното истражување беше утврдено во кои одделенија работат вработените во општината. Беше утврдено дека тоа се следните одделенија: Урбанизам, ЛЕР, Комунални работи, Кабинет на градоначалникот, Правни работи, Јавни дејности, Социјална заштита, Човечки ресурси активно се вклучуваат во работењето на Советот. Понатаму беше утврдено дека општинската администрација за тековната работа на Советот на општината се информираат преку: интернет страница, локално радио и ТВ, преку лична покана за присуство на седница, а многу помалку преку постери во општинската канцеларија на огласна табла и преку НВО.

Соработката и комуникацијата помеѓу советниците и општинската администрација е многу битна за успешна општина и нејзино успешно функционирање. Мал број на вработени во општинската админитрација одговорија дека советниците секогаш ги консултираат и прашуваат во однос на точките кои се на дневен ред, останатите вработени одговорија дека многу ретко ги консултураат и голем број вработени во општинската админитрација никогаш не се консултурани за точките кои се на дневен ред. Ова укажува на потребата за подобрување на комуникацијата помеѓу општинската администрација и советниците за поголема стручност при работењето и решавање на проблемите од локално значење.

При спроведеното истражување беше утврдено дека вработените во општинската администрација често присуствуваат на седница на Совет на општината, а мал број

вработени во општинската администрација одговорија дека немаат присуствувано. Од телевизиските преноси на седниците може да се забележи дека значаен дел од вработените во општинската администрација кои се вработени во секторите/одделенијата во правни работи, урбанизам, комунални дејности, финансии многу почесто соработуваат и одат на седници на Советот во општината, отколку останатите одделенија/сектори кои дури и не се запознаени и тековно не го следат работењето на советниците и многу ретко присуствуваат на седници. Поради тоа треба да се зголеми присуството и учеството на администрацијата со тековното работење на Советот и нивно поактивно вклучување во работењето.

Потребно е подигнување на свеста на граѓаните, информирање и едукација, поголемо учество на граѓаните во седниците, поголема запознаеност на граѓаните дека седниците се отворени за присуство на јавноста, поголема активност и нивна вклученост при одлучување на битни прашања поврзани со општината во која живеат бидејќи при истражувањето мал број на вработени во општинската админитрација одговорија дека граѓаните учествуваат во работата на Советот на општината и поголем број на вработени во општинската админитрација одговорија дека граѓаните никогаш не учествуваат на седниците на Советот на општината.

Општинската администрација ја потврдува потребата од спроведување на обука на советниците бидејќи целта од посетувањето на обуките е унапредување во работењето на советниците и поквалитетно извршување на обврските произлезени од извршувањето на функцијата како советник.

Општинската администрација смета дека ефикасноста и успешноста на работењето на Советот во општината ќе се зголеми најмногу преку: подобра комуникација со граѓаните на општината (поврзано со приоритетите и структурата на работење на општината), донесување на непристрасни одлуки, обезбедување транспаранетност и јавност во нејзиното подготвување со максимално учество на засегнатите страни, пред сѐ на НВО, граѓаните и други страни и преку поголема информираност на граѓаните, потребно давање извештаи на граѓаните за планираните и остварени приходи и расходи, потребно следење на реализацијата на веќе донесените Одлуки и потребни се повеќе обуки за советниците. Со ова уште еднаш се потврдува недостатокот од комуникација помеѓу општините и граѓаните на општината. Постои голема потреба за зголемување на соработката и размена на информации со граѓаните.

При истражувањето администрацијата одговори дека не се целосно запознаени со постоењето на механизми и пишани процедури за вклучување на јавноста/граѓаните при локалното одлучување. Скоро половина од општинската администрација одговорија дека можеби општината има дизајнирано конкретни механизми и пишани процедури за начинот на вклучување на јавноста/граѓаните и другите засегнати страни при изработка на локални документи кои Советот на општината ги донесува, мал број на преставници од општинската администрација одговорија дека нема вакви пишани процедури, а голем број преставници од општинската администрација одговорија дека општината има вакви пишани процедури. Ова покажува на недоволната информираност на целокупната администрација вработена во општините за вклучување на граѓаните при одлучување на работи од локална надлежност како на пример за изработка на предлог проекти или подготовка на предлог буџетот на општината. Евидентно е дека постои недостаток од објавени и јавно достапни процедури за донесување на најважните документи кои ги донесува Советот на општината. Постои потреба од запознавање на општинската администрација со сите пишани процедури кои се користат при работењето.

Во однос на тоа кои се недостатоците на релацијата администрација во општината и граѓаните за подготовка и одржување на Советите на општините и

какоистите треба да се надминат општинската администрација ги даде следните предлози и мислења:

- Подобрување на комуникација, објавување на предлог-дневен ред, апсорбирање на јавно мислење и можности за граѓански иницијативи - зголемување на транспарентноста, реално прикажување на потребите и можностите, повратни информации, отчет-проблем-предизвик-решение;
- Поголема информираност на граѓаните и нивно вклучување на советите;
- Нема недостатоци;
- Недостасува комуникација и потранспарентно известување во врска со седниците на Совет;
- Поголема јавност и транспарентност на Советот поголема вклученост на граѓаните на седниците на Совет;
- Поголема информираност на граѓаните за можноста и начинот за учество;
- Сметам дека треба да постои дебата, преку организирање на форуми на заедницата и вклучување на граѓанството преку искажување на нивни потреби и евидентирани недостатоци и нивно вградување во програмите на општината;
- Градоначалниците и советниците треба многу внимание да посветат на учеството на граѓаните и непристрастно да се однесуваат во работата. Многу важен аспект е непристрастноста во работењето и донесувањето на одлуки, а Советот најчесто со мнозинството знае да носи политички одлуки на штета на граѓаните;
- Треба граѓаните да се информираат при одржување на советите со цел да се вклучат и да присуствуваат на седниците;
- Професионална администрација;
- Недоволната информираност на граѓаните за нивните права за учество во подгвоотовка на буџетот на општината, за предлагање на проекти кои ќе се реализираат во некоја од програмите во одделенијата бидејќи општината работи со пари од граѓаните. Потребна е поголема заинтересираност на граѓаните и нивна ажурност за решавање на заедничките проблеми во општината преку нивно вклучување во работата на Советот на општината;
- Нема недостатоци бидејќи граѓаните во општината секогаш се информирани за работењето на Советот;
- Недоволно информираност и незаинтересираност на граѓаните за работата на Советот;
- Потребна е транспарентност и поголема едукација и информираност на граѓаните. Потребна е консултација и почитување на ставот на стручната и конкретно надлежна администрација за да се донесуваат соодветни одлуки на седниците на Советот. Администрацијата треба да е одговорна во своето постапување, а граѓаните треба да покажат повеќе доверба и почит кон истата;
- Потребна е кампања за тоа што е Совет, што работи, начин на функционирање и можности за граѓаните преку Советот;
- Поголема вклученост на граѓаните во креирањето на дневниот ред, предлагање на точки кои се од нивни интерес;
- Нема многу информираност за правната регулатива на граѓаните и за нивното вклучување во работењето. Потребно е поголема заинтересираност на граѓаните.

Општинската администрација смета дека советниците како преставници избрани од граѓаните се целосно отворени за информации и средби со граѓаните, за застапување на инересите на граѓаните.

Општинската администрација смета дека Градоначланикот е отворен за своите граѓани-жители во општината и комуникацијата помеѓу нив се остварува преку:

- Редовни средби на градоначалникот со граѓаните (приемни денови),
- Состаноци по месните и урбаните заедници,
- Јавни собири,
- Вклучување на граѓаните во процесот на буџетирање и дефинирање на програмите на општината,
- Отворени денови на Советот на општината и
- Покани за учество во тракалезни маси.

За да се воспостават одржливи процеси на демократските реформи е потребно граѓаните да имаат доверба во избраните локални функционери, Градоначалникот и советниците. Потребно е оваа врска помеѓу двете страни (граѓаните и локалните функционери) да биде поуспешна за да може да се развие демократското општество. Потребно е општините да ги согледат вистинските потреби на граѓаните и да им одговорат на нивните потреби за да го го подобрат квалитетот на живот на граѓаните. За отчетноста и ефикасноста на општините во однос на политиките и проектите кои се споведуваат многу е важна комуникацијата на градоначалникот на општината со граѓаните. Редовните средби на градоначалникот или приемните денови се покажаа како начин за поблиска комуникација со градоначалникот. Потребно е одржување на редовни средби со граѓаните за да можат во секое време да бидат информирани за тековните случувања во општината.

Имајќи предвид дека буџетот на општината е многу значен документ од кои зависи понатамошните реализации на пректите и програмите во општината потребна е и граѓанско учество во неговото изготвување. Вклучувањето на граѓаните во донесувањето на најважните одлуки на локално ниво овозможува изготвување на ефикасен и практичен општински буџет. Поради тоа во голем број општини се организираат форуми на буџетот за остварување на дијалог помеѓу локалната власт и граѓаните. Форумите на заедниците се отворени за сите граѓани. Тие на граѓаните им овозможуваат да ги презентираат своите проблеми и да даваат предлози за нивно решавање. Форумот преставува платформа за развој и начин на донесување на одлуки во секоја општина. Од ова прашање прозилезе дека во некои општини се одржуваат форуми на буџетот каде учествуваат граѓаните со давање на предлози за изготовка на предлог буџетот при што поголем број на преставници од општинската администрација одговорија дека во нивната општина се организирале форуми, мал број одговорија дека во нивната општина не се организирале форуми или дека не знаат дали во нивните општини се одржале форуми на буџетот.

Преставници од општинската администрација одговорија дека имало заинтересираност и активно учество на граѓаните во давање на предлози за изготовка на буџетот, додека пак само мал број на администрација одговорија дека немало никаква заинтересираност и активност од граѓаните на форумите кои се одржале во нивната општината. Повеќе од половина административни службеници сметаат дека одржувањето на форумите на буџетот се многу добра алатка бидејќи на тој начин се доближуваат до граѓаните и заеднички го изготвуваат буџетот, мал број на администртивни службеници сметаат дека одржувањето на форуми на буџетот не е добра алатка бидејќи општините си ги изготвуваат буџетите сами без да се цени мислењето на граѓаните кои живеат во општините.

Со третиот прашалник беше утврден начинот на работење на Невладините организации во Источно-планскиот регион и нивното вклучување во работењето на Советите и општината. Невладиниот сектор ги преставува граѓаните и нивните интереси.

Основната цел е да се види со кои целни групи се занимаваат Невладините организации или со повеќе целни групи за да се види можноста според начинот на работа со целните групи да учествуваат во работата на општината и на Советите во општините. Од тоа со кои целни групи се занимаваат зависи и износот на доделување на финансиска помош на НВО од страна на општините. Најмногу од НВО одговорија дека се занимаваат со образование (57,1%), со еднаквост на Ромите (42,9), здравство и заштита на животната средина (35,7%), социјална заштита, спорт (21,4%), еднаквост за жените, добро владеење (14,3%), млади, транспаретност (7,1%). Понатаму беше утврдено нивото на нивното делување, при што поголем број од невладините организации делуваат на регионално ниво (42,9%), другите делуваат на локално и национално (35,7%) додека не делуваат на меѓународно ниво.

Со ова прашање се согледа начинот на информирање за работата на Советот во општината каде се наоѓа седиштето на Невладината организација и каде делуваат. При што се утврду дека дека НВО најмногу се информираат преку веб-страната на општината, службен гласник на општината, локалните медиуми, социјалните медиуми, додека пак преку огласната табла на општината и преку јавни дебати и состаноци не се информираат. Ова упатува на потребата општините подобро и поактивно да ги информираат НВО и да се зголеми квалитетот на информирањето. Потребно е на поедноставен начин да се презентираат информации за да можат сите граѓани да ги разберат.

Понатаму се утврди дали невладините организации како преставници на граѓанскиот сектор активно се вклучуваат во работата на Советите на општините или многу малку и се неактивни во тој дел. Со ова се доаѓа до заклучок дека е потребна поголема вклученост на граѓанскиот сектор во работата на Советите во општината

Учеството на Невладините организации во работа на Советот на општината е најмногу преку: Директни средби со администрацијата/советниците, учество во јавни дискусии/тракалезни маси преку идентификување и евидентирање на приоритетите на општината и преку Граѓански тела.

Со извршеното истражување се согледува дека важно за демократијата е отвореноста, на граѓаните и НВО. Квалитетот на информациите и податоците кои се пласираат на граѓаните треба да се подобрат. Потребна е поголема запознаеност на граѓаните и отчетноста, јавноста на работата на Советот на општината и излагање на информациииите за запознавање НВО за работењето на општините и советите. Бидејќи кога граѓаните и НВО ќе се запознаат со квалитетните информации ќе ја зголемат својата перцепција во креирање и учество во локалните политики. Општините и советите треба да го подобрат обезбедувањето на јавни добра и услуги на локално ниво за да можат поефикасно да ги задоволат потребите на граѓаните.

НВО се изјасни дека соработката со општината е најчесто преку: обезбедување канцеларии за потребите на НВО, обезбедување простор за настани или конференциски сали, финансиски средства, патни трошоци за посета на некој семинар, поддршка од донатори и др. За поголема соработка помеѓу НВО и општините е потребна поголема финансиска помош за функционирање на НВО, а сè со цел поголемо учество во дефинирањето на проблемите на локално ниво и нивно решавање.

При извршеното истражување беше утврдена запознаеноста на граѓаните преку НВО со работењето на општинската администрација при што помал број на НВО одговорија дека одлично се запознаени, а поголем број на НВО одговорија дека се

запознаени, но многу малку. НВО сметаат дека таа треба да ги сервисира нивните потреби кои можеби и не се во надлежност на ЕЛС, а од друга страна занемарливо се вклучуваат во работата на Советот и општинската администрација, со свои предлози, иницијативи за решавање на заеднички проблем или приоритазиција на проблеми, како и без поголема волја да ја држат отчетна и одговорна локалната власт.

Комуникацијата помеѓу избраните локални функционери, градоначалникот и советниците треба да биде постојана за да се овоможи постојан проток на информации за стабилно и цврсто донесување на одлуки кои ќе одговараат на потребите на граѓаните од локално значење. Потребна е поголема заинтерсираност на граѓаните за нивно вклучување во решавање на локалните проблеми и нивно присуство на седниците на советите на општините бидејќи истите се јавни и отворени за јавноста.

Со оглед на тоа дека граѓаните не се заинтересирани, а и не се запознаени со нивните права за учество во решавање на локалните проблеми меѓу кои и учество во подготвување на буџетот потребно е подобро запознавање на граѓаните со законската легална рамка и локалните политики со цел обезбедување на јавни добра и услуги согласно потребите на граѓаните. За подобар сервис на граѓаните потребно е максимално учество на засегнатите страни, пред се на НВО, граѓаните преку организирање на јавни дебати, трибини, тракалезни маси и др. Понатаму потребно е размена на информации со граѓаните и транспарентност и јавност во подготвување на документите од локалното значење и поголема информираност на граѓаните за локалните политки.

Основна демократска придобивка во општините е еднаквиот пристап до јавните добра и услуги на локално ниво од страна на сите групи на граѓани. Пристапот до општината во врска со предлог документите од локално значење за подобро објаснување од страна на НВО беше оценете дека се одговара на таквите барања, но вообичаено нивните одговори не се соодветни и навремени  и на крајот многу малку одговорија дека селективно се одговара и се игнорираат таквите барања.

НВО сметаат дека е потребно подобрување на релцијата градоначалник-Совет бидејќи евидентно е присуството на различната политичка припадност на релација советник-градоначалник. Во иднина ваквата припадност треба да се неутрализира и непристрасно да се одлучува при решавање на локалните политики и проблеми. Потребно е создавање на позитивни услови и развивање на доверба помеѓу двете страни градоначалник-Совет.

### 6.2. Како граѓаните гледаат на работењето на Советите и на општината

Граѓаните како жители на општините многу малку се запознаени и информирани со работењето на општинската администрација и Советите на ЕЛС. Граѓаните воопшто не се запознаени со донесувањето на буџетот на локално ниво, како и за нивното учество во решавање на локалните проблеми. Тие не се запознаени за точките на дневен ред кои ќе се разгледуваат од страна на советниците. За одржувањето и за материјалите на седниците на Советот мал број од граѓаните дознаваат во текот на одржувањето на седниците преку пренос на седницата во живо на радио или преку локалните  медиуми, друг дел од граѓаните дознаваат по одржувањето на седниците, а голем дел од граѓаните пак воопшто не се заинтересирани и ниту се запознаени со донесените одлуки од страна на Советот. Граѓаните никогаш не учествувале во работата на комисиите на Советот и многу мал број од граѓани имаат присуствувано на седница на Советот.

При следење на локалните медиуми граѓаните наоѓаат забелешка на образложувачите (секретарот, раководителите на одделнија/сектори)  на точките кои се наоѓаат на дневен ред на седница бидејќи истите само на кратко ги презентираат своите програми, проекти, одлуки и др. напоменувајќи дека не сакаат да заземаат од времето на

советниците и дека истите им се доставени до советниците на претходно разгледување. Од краткото презентирање граѓаните воопшто не можат да се запознаат со содржината на предлог програмата, проектот, одлуката и др. Поради тоа граѓаните предлагаат и на нив да им се доставуваат предлог материјалите кои ќе се разгледуваат и донесат на седницата на Советот или пак заедно со советниците пред одржувањето на седницата да има јавна канцеларија каде заедно со општинската администрација ќе ги разгледат материјалите.

Граѓаните не се доволно едуцирани со законските регулативи за функционирање на Советите во општините и за нивните права. Соработката помеѓу општините и граѓаните е недоволно развиена. Задоволството на граѓаните од работењето во општините и советите е многу на ниско ниво. Тие немаат доверба во институциите. Постои големо незадоволство поради неодражување на форуми на заедниците во општините, бидејќи претходните години кога биле организирани во општините им се давала можност на граѓаните да предлагаат проекти и програми кои ќе бидат вклучени во фазата на подготвување на буџетот на општината. На расправата за буџетот на општината, годишната сметка на буџетот и за урбанистичките планови, присуството на јавноста не може да се исклучи. По претходна најава им се дава можност на заинтересираните граѓани да му се обратат на Советот, меѓутоа граѓаните воопшто не се запознаени со тоа. Граѓаните сметаат дека буџетот на општината е многу неразбирлив и дека пред неговото донесување треба да постои поедноставно образложување за да можат сите категории на граѓаните да го сфатат.

Граѓаните не се запознаени и иформирани за облиците на учество на локално ниво и тоа:граѓанска иницијатива, собири на граѓаните и референдум. Поради неиформираноста и незаинтересираноста во општините воопшто не се поднесени граѓански иницијативи, не се одржани ниту собири на граѓаните и референдум. Многу мал е бројот и на поднесени преставки и предлози од граѓаните против работењето на општината и на Советот. Граѓаните сметаат дека не се заинтересирани бидејќи немаат време, но и бидејќи никој не ги прашува за локалните прашања. Сметаат дека треба да функционираат облиците на месната заедница каде може поактивно да се вклучат во одлучувањето и решавањето на локалните поблеми. Голем број од граѓаните се револтирани од начинот на однесување на советниците бидејќи многу од советниците им ветуваат на граѓаните работи дека ќе ги исполнат меѓутоа остануваат само празни ветувања и неисполнување. Сметаат дека советниците не им се достапни во секое време за да им ги кажат своите проблеми од локално значење. Граѓаните сметаат дека советниците немаат доволно знаење за решавање на проблемите и предлагаат нивно стручно усовршување и обучување во делот за работа на Советот на општината. Граѓаните предлагаат да продолжат да функционираат месните заедници и да има канцеларии со вработен од општинската администрација. Граѓаните сакаат Градоначалникот да им е достапен на граѓаните за да ги презентираат своите проблеми и Градоначалникот да одговори на директните прашања и предлози од граѓаните.Со оглед на тешкотиите со кои се соочуваат граѓаните истите предлагаат да се направи консензус меѓу градоначлникот-Советот и граѓаните за да може да се зголеми довербата во институциите и да се надминат сите локални проблеми.

### 6.3. Како општинската администрација гледа на работењето на Советот и на општината

Општинската администрација смета дека општините се секогаш отворени, одговорни, транспаретни и отчетни за работењето на општината. Општините се трудат секогаш да определуваат проекти кои ќе доведат до подобрување на животите на

граѓаните. Општините сметат дека граѓаните секогаш се запознаени со работењето на општинита и на Советот. Општините на своите веб-страни ги објавуваат сите информации, соопштенија кои се однесуваат за продажба на градежно неизградено земјиште, за спортските друштва, за културниот живот, за образованието, службените гласници во кои се објавени сите донесени акти, одлуки, прописи, правила кои се донесени од страна на Советот на општината, понатаму се објавуваат буџетите на општината, кварталните извешати во кои се содржани приходите и расходите на општината. Општините ги информираат граѓаните преку локалните медиуми, јавните дебати, одржување на тракалезни маси и др. Општинската администрација секогаш пред донесување на буџетот на општината ги информира и ги повикуваа граѓаните да даваат нивни предлози и препораки за изготвувањето на буџетот. Меѓутоа постои делумно или целосно отсуство на граѓаните, НВО на јавните расправи на седниците на Советот за предлог буџетот на општината за наредната година. Општинската администрација дури укажува дека на сила е законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер со кој се обезбедува отвореност и јавност во работењето на општините и според кој секое физичко и правно лице има слободен пристап до информациите. Според нив многу е голем бројот на граѓани кои испраќаат вакви барања за нивно информирање. Дури голем број од информациите кои ги бараат одземаат многу време за нивна подготовка од општинската администрација и се несоодветни. Вратите на општините се секогаш отворени за сите граѓани, а градоначалниците на општините редовно имаат приемни денови и средби со граѓаните. Општините сметаат дека граѓаните се запознаени со нивните права за учество во дефинирање на проблемите на локално ниво и со утврдување на приоритети и најчесто граѓаните тоа право го користат преку здружение на граѓани или НВО. Општинската администрација смета дека им помагаат на НВО преку овозможување на финансиска помош, обезбедување на користење на канцеларии, печатење на материјали, превоз за посета на семинири и др.

Советниците сметаат дека секогаш се достапни за граѓаните и дека ги преставуваат нивните интереси. Сметаат дека е потребно во иднина општините да обезбедат канцеларии за советниците каде најмалку еднаш неделно ќе се собираат граѓаните и дел од советниците и на тој начин ќе дискутираат за локалните проблеми и ќе изнајдат начини за нивно решавање. Советниците предлагаат да има повеќе обуки за нивно тековно усовршување со законските регулативи и за подобро разбирање на буџетот на општината.

## ЗАКЛУЧОК

Општините во Источно-планскиот регион и Советите на општините имаат капацитет за поактивно вклучување на граѓаните жители во општината во нивното работење. Меѓутоа е потребно подигнување на демократската свесност за вклучување на граѓаните за застапување на нивните права како жители во општините. Потребно е донесување на нови дополнителни стратегии, правила или прописи за вклучување на граѓаните кои не само што ќе бидат донесени во пишана форма, туку истите да се применуваат. Потребно е граѓаните да се заинтересираат за поактивно вклучување во работењето на Советите. Општините, Советот и граѓаните треба да ја засилат меѓусебната соработка и доверба. Граѓаните во секоја развиена држава влијаат на дејствувањето во насока на локалните политики, давајќи насоки за дејствување на локалните функционери и обезбедувајќи демократска контрола на нејзиното функционирање и соработувајќи со граѓаните во различни домени.

Општините и Советите треба да ги информираат граѓаните и да им овозможат нивно вклучување во предлагање на проекти и програми кои се битни за граѓаните во

општината и нивно внесување во фазата на подготвување на буџетот на општината. Општините треба да овозможат достапност на јавноста до повеќе документи. На својата веб-страна и преку медиумите треба да овозможат информирање на граѓаните за тековната работа. Потребно е да им се овозможи вклучување на граѓаните во работата на комисиите на Советот на општината.

Информирањето на јавноста, транспарентното работење на организациите, градењето на односите со медиумите, во вклучувањето на јавноста во процесите на донесување одлуки на сите нивоа и во развојот и следењето на останатите општествени текови е она кон што во иднина треба да се насочат општините.

Со односите со јавноста се остварува демократизацијата на општествениот живот, па затоа тие, како комуниколошка дисциплина, треба да претставуваат канал за двонасочна комуникација, базирана на разбирање и убедување, при што и организацијата ги менува своите ставови, а не само целната публика. Односите со јавноста треба да ѝ помогнат на општината во реализацијата на своите цели, поради што таа е „принудена“ да развива ефикасна комуникација со најразлична публика и јавност, почнувајќи од своите вработени, потоа жителите на општината, стопанството, министерствата, училиштата, полицијата, невладиниот сектор, домашните и странски организации и институции, медиумите (национални и локални).

Комуникацијата со граѓаните на секој градоначалник или член на Советот му е повеќе од неопходна. Затоа е потребно да се утврдат методите и алатките со кои ќе се воспостави таа комуникација, со цел таа да биде успешна. Притоа не се препорачуваат импровизации, туку е потребно општините и Советите на општините да донесат Стратегија на комуникација на општината и Акционен план, во кои прецизно ќе се утврдат целите, целните групи, методологијата, како и фазите на евалуација и анализа на мислењето на граѓаните за активностите на општината.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


Закон за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 55/2004, 12/2005, 98/2008 и 149/2014);

Закон за рамномерен регионален развој (Сл. весник на РМ број 63/2007, 187/13, 43/14 и 215/2015);

Закон за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/2002);

Закон за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16);

Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 22/07 и одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15);

Статут на општина Пробиштип (бр.07-289/1 од 25.07.2005 година);

Статут на општина Виница (бр.07-906 од 03.09.2010 година);

Статут на општина Пехчево од 30.09.2009 година;

Статут на општина Делчево (07-2791/1 од 27.12.2013 година);

Деловник на Советот на општина Пробиштип (бр.07-501/11 од 30.09.2005 година);

Деловник на Советот на општина Кочани (бр.05/06 и бр.2/012);

Деловник на Советот на општина Берово (бр.07-702/1 од 22.06.2007 година);

Деловник на Советот на општина  Македонска Каменица;

Деловник на Советот на општина Делчево (бр.07-1763/1 од 22.11.2006 година);

Устав на РМ од 1991 година;

Совет на Европа, Европска повелба за локалната самоуправа, Стразбург, 15 октомври 1985;

Европска повелба за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 23/1997);

ЗЕЛС, Прирачник за градоначалниците и советниците за надлежностите на локалната самоуправа;

http://www.imor.org.mk/programmes/lokalnasamouprava/znacenje.html

http://www.osce.org/mk/skopje/231586?download=true

http://www.zels.org.mk/Upload/Content/Documents/Dokumenti/%D0%9C%D0%9A/2017/Priracnik%20Forum%20vo%20zaednicata%20vo%2011%20cekori_MK.pdf

Општина Берово http://www.berovo.gov.mk/

Општина Штип http://www.stip.gov.mk/

Општина Виница http://www.opstinavinica.gov.mk/

Општина Делчево http://delcevo.gov.mk/

Општина Зрновци http://www.zrnovci.gov.mk/index.php/en/

Општина Карбинци http://opstinakarbinci.gov.mk/

Општина Кочани http://www.kocani.gov.mk/

Општина Македонска Каменица http://makedonskakamenica.gov.mk/

Општина Пехчево https://pehcevo.gov.mk/

Општина Пробиштип http://probistip.gov.mk/

Општина Чешиново-Облешево http://cesinovo-oblesevo.gov.mk/

http://www.investineastregion.mk/?mk=doma

http://www.zels.org.mk/Upload/News/Documents/Priracnik%20za%20gradonacalnici%20MK%20web.pdf

Wilde, Alexandra and Joachim Nahem, A users' guide to measuring local goveernance.United development programme (UNDP).Oslo governance centre, 2008;

Kemp,B.,&Jiminez, M (2013).State of Locl Democrasy Assesment Framework.International Institute for Democrasy and Electorial Assistance;

Luis Cembellin Pages (2015), Tools To Measure The Local Government/Transparensy And Accountability, Universidad DeMalaga;

Fiske Edward B. (1996) Decentrlization and education.Politick and Consensus;

Институт за социолошки и политичко-правни истражувања-Скопје, Граѓаните во системот на локалната самоуправа;

Силјановска-Давкова, Гордана и Митков, Владимир Локална самоуправа, Магор, Скопје 2000;

ОБСЕ Скопје, Учество на граѓани во носење на одлуки на локално ниво;

Граѓанско учество во процесите на креирање политики и донесување одлуки во локалната самоуправа – Водич за општинска администрација, , Мост, Civica, Скопје 2011 год.;

Communication from the Commission – Towards a reinforced culture of consultation and dialogue, Commission of the European Communities, 2002;

https://www.pravdiko.mk/shto-e-demokratija-i-kako-taa-se-razvila/

Шкариќ С., Уставно право, Матица Македоднска, Скопје, 2006;

https://draganalcinov.wordpress.com/2012/02/08/%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%BE%D0%BA%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D0%B8-%D0%BB%D0%BE%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0%D1%82%D0%B0-%D1%81%D0%B0%D0%BC%D0%BE%D1%83%D0%BF%D1%80%D0%B0%D0%B2/

http://www.imor.org.mk/programmes/lokalnasamouprava/evropska_povelba.html